

## ДЕЛ ОД ЖИВОТОТ И ПОСТИГНУВАЊАТА НА АРХИЕПИСКОПОТ НА МПЦ-ОА Г.Г. МИХАИЛ

По повод празникот на светите браќа Кирил и Методиј и во 1982 година во Рим престојуваше делегација на Светиот архијерејски синод на Македонската православна црква, како и државната, односно културната делегација и се одржа манифестацијата „Југославија во чест на свети Кирил”.

Црковната делегација која престојуваше од 19 до 27 мај, ја предводеше американско-канадскиот митрополит г. Кирил, а членови на делегацијата беа преспанско-битолскиот митрополит г. Петар и протојереј-ставрофор Методи Гогов, професорна Богословскиот факултет „*Св. Климент Охридски”* во Скопје.Југословенската делагација, пак, ја сочинуваа: Ерос Секви (СР Србија), Душко Белиќ (САП Војводина) и Цветан Станоевски (СР Македонија).

Манифестацијата *„Југославија во чест на свети Кирил”* се одржа од 24 до 31 мај, чијашто програма ги имаше следните содржини: се одржа средба и разговори на група

југословенски и италијански писатели на тема „*Југословенската и инталијанската литература денес*“.

Учесници од СФРЈ беа Ерос Секви (СР Србија), Слободан Вујачиќ (СР Црна Гора), како и Слободан Мицковиќ и Веле Смилевски (СР Македонија), а од италијанска страна учествуваа Алдо Дејако, Марио Лунета, Фабио Добликер и други. Средбата се одржа во салата на Клубот на книжевниците „*Рема Кроче”.*

Се одржа солистички концерт на пијанистот Владимир Крпан од СР Хрватска, а камерниот хор на Музичкиот центар на САП Војводина, во катедралата „ Света Њезе ин Агоне” настапи со југословенска програма.

Во продолжение во салата „*Агика*” се изврши проекција на филмот „Бановиќ Страхиња” во режија на Ватрослав Мимица и се одржа кратка програма од три цртани филма на авторите Петар Глигоровски,  Дарко Марковиќ и Мирослав Грчев . Исто така, се одржа разговор на тема „ *Југословенско-италијанската соработка во филмот и телевизијата”*



[illegible]



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**